Уп. бр. 08-97

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ТСС ЕВРОПА Б.В, со регистрирано седиште на Atoomweg 50, 3542AB Утрехт, Холандија, и АДАМ ГОРАЛ ФОНДАЦИЈА РОДЗИНА, со регистрирано седиште на ул. Дабровскиего 4, лок. 6, 35-033 Жешов, Полска преку Адвокатско друштво Константиновиќ и Милошевски од Скопје и Љупка Новеска Андонова адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 16.07.2025 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која ТСС ЕВРОПА Б.В, со регистрирано седиште на Atoomweg 50, 3542AB Утрехт, Холандија, и АДАМ ГОРАЛ ФОНДАЦИЈА РОДЗИНА, со регистрирано седиште на ул. Дабровскиего 4, лок. 6, 35-033 Жешов, Полска, ќе стекнат заедничка контрола врз АССЕКО ПОЛАНД СА, со регистрирано седиште на ул. Олхова 14, 35-322 Жешов, Полска иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 05.06.2025 година, а дополнето на 26.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од ТСС ЕВРОПА Б.В, со регистрирано седиште на Atoomweg 50, 3542AB Утрехт, Холандија, и АДАМ ГОРАЛ ФОНДАЦИЈА РОДЗИНА, со регистрирано седиште на ул. Дабровскиего 4, лок. 6, 35-033 Жешов, Полска со која ТСС ЕВРОПА Б.В и АДАМ ГОРАЛ ФОНДАЦИЈА РОДЗИНА ќе стекнат заедничка контрола врз АССЕКО ПОЛАНД СА, со регистрирано седиште на ул. Олхова 14, 35-322 Жешов, Полска.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ТСС ЕВРОПА Б.В** преку своите зависни друштва, нуди широк спектар на софтверски деловни решенија и е активна, меѓу другото, во финансискиот сектор, малопродажбата, правниот сектор, владата, недвижностите, здравствената заштита и автомобилскиот сектор.
ТСС ЕВРОПА Б.В е во крајна линија целосно контролирана од Constellation Software Inc. („ЦСИ“). ЦСИ стекнува, управува и гради бизниси што нудат софтверски решенија низ целиот свет („ЦСИ Групација“).

ЦСИ е присутна во Северна Македонија преку своето зависно друштво, ИН2 ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на булевар Кузман Јосифовски - Питу 15- зграда Неоком/кат 5, Аеродром Скопје – Аеродром, и регистрирана деловна активност - компјутерски консалтантски дејности. ИН2 ДООЕЛ Скопјеп рвенствено се занимава со информациски инженеринг и ИТ услуги, фокусирајќи се на развој, имплементација, поддршка и одржување на производите на ИН2 ДООЕЛ Скопје и партнерските решенија. Соработувајќи со други членови на групацијата, компанијата воведува и нови информациски системи и обезбедува ИТ консалтинг услуги во различни сектори.

**АДАМ ГОРАЛ ФОНДАЦИЈА РОДЗИНА** е семејна фондација регистрирана согласно законите на Полска.

АДАМ ГОРАЛ ФОНДАЦИЈА РОДЗИНА нема оперативно присуство на пазарот во Република Северна Македонија, ниту пак има какви било комерцијални деловни активности во Северна Македонија.

**АССЕКО ПОЛАНД СА** е холдинг компанија на групацијата компании Асеко („**Асеко Груп**“), кои се активни во софтверскиот и ИТ секторите.

Асеко е присутна во Северна Македонија преку три зависни друштва

- АСЕЕ БСС ДООЕЛ, Скопје, со регистрирано седиште на улица Народен фронт 17, 1000 Скопје, и регистрирана дејност - трговија на големо со компјутери, компјутерска периферна опрема и софтвер;
- АСЕЕ Дооел Скопје, со регистрирано седиште на улица Народен фронт 17, 1000 Скопје, и регистрирана дејност - компјутерско програмирање; и
- Пајтен ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на улица Народен фронт 17, 1000 Скопје, и регистрирана дејност - трговија на големо со компјутери, компјутерска периферна опрема и софтвер.

Македонските зависни друштва на Асеко главно нудат широк спектар на софтверски производи наменети за банкарскиот и финансискиот сектор.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**